ЗАПИСНИК

од 5-та седница на Советот на Општина Новаци, одржана на ден 25.12.2025 година, со почеток во 11:00 часот во просториите на општинската зграда во Новаци

На седницата присуствуваа советниците: Илче Трајковски, Горан Велјановски, Весна Котевска, Игор Марковски, Иванчо Петковски, Македонка Соклевска, Ропче Ангелковски, Иванчо Котевски и Васко Секуловски.

Од општинската администрација присутни беа: Анета Киселоска-Раководител на Одделение за правни работи, општи и јавни дејности, Александра Ангелевска-Помлад соработник, Петар Велјановски-Соработник.

Останати присутни: Благојче Николовски-ВД Директор на ЈПКД „Комунална Хигиена“ Новаци, Александар Стефановски-ЈПКД „Комунална Хигиена“ Новаци, Анета Соклевска-ООУ „Славко Лумбарковски“ Новаци, Јагода Неделкова-Директор на МЈП „Пелалинк“.

Претседателот на Советот Илче Трајковски ја отвори седницата, ги поздрави советниците и го предложи следниот:

ДНЕВЕН РЕД

1.Разгледување и усвојување на Записникот од 4^{та} седница на Совет на Општина Новаци;

2. Разгледување и донесување на Буџет на Општина Новаци за 2026год.;

3. Разгледување и донесување на Одлука за извршување на Буџетот на Општина Новаци за 2026год.;

4. Разгледување и донесување на Буџетски календар за 2026год.;

5. Разгледување и донесување на Одлука за утврдување на вредноста на бодот на државните службеници во Општина Новаци за 2026год;

6. Одлука за утврдување на вредноста на бодот на помошно техничките лица во Општина Новаци за 2026год.;

7. Разгледување и донесување на Програма и акциски план за социјална заштита на граѓаните на Општина Новаци за 2026год;

8. Разгледување и донесување на Програма за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на Општина Новаци за 2026 год.;

9. Разгледување и донесување на Програма за изработка на урбанистички планови на територијата на Општина Новаци за 2026год.;

10. Разгледување и донесување на Прогама за образование на Општина Новаци за 2026;

11. Разгледување и донесување на Програма за еднакви можности на мажите и жените на Општина Новаци за 2026год.;

12.Разгледување и одобрување на акционен план и програма за спроведување на општите мерки за заштита на населението од заразни болести за подрачјето на територијата на Општина Новаци за 2026год.

13. Разгледување и донесување одлука за одобрување финансиски средства за одбележување на новата 2026 година и празникот Богојавление Водици;

14. Разгледување и усвојување на Годишна програма за превоз на ученици и финансиска анализа на општински и меѓуопштински превоз на територијата на Општина Битола, Општина Новаци и Општина Могила – 2026 година;

15. Разгледување и донесување на одлука за усвојување Годишна програма за работа на ЈПКД „Комунална Хигиена“ Новаци за 2026год.;

16. Разгледување и донесување одлука за усвојување на финансиски извештај за работењето на ЈПКД „Комунална Хигиена“ Новаци за период од 01.01.2025 до 31.09.2025год.;

17. Разгледување и донесување на одлука за давање на согласност за утврдување на цените на услугите што ги врши ЈПКД „Комунална Хигиена“ Новаци;

18.Разгледување на барања за еднократна парична помош;

19.Советнички прашања;

Претседателот предложи измена и дополнување на дневниот ред и тоа:
-точките 5, 6 и 11 да се одложат за некоја наредна седница и предложи дополнување на дневниот ред со точка: - Барање за проширување на буџет за 2026 година за донаторска сметка Еразмус+; како точка бр.2, а сите наредни точки ќе го променат редоследот како што е предложено со измените.

Предложениот дневен ред со измените и дополнувањата, советниците го усвоија со **9** гласа **ЗА.**

Точка 1 Разгледување и усвојување на Записникот од 4^{та} седница на Совет на Општина Новаци

По разгледувањето на Записникот од 4^{та} седница, истиот беше ставен на гласање. Записникот беше усвоен со **9** гласа **ЗА.**

Точка 2 Барање за проширување на Буџет за 2026 година за донаторска сметка Еразмус+

Претседателот на Советот, Илче Трајковски и даде збор на Анета Соклевска од ООУ „Славко Лумбарковски“ Новаци да се изјасни по однос на оваа точка. Таа образложи дека овие средства од Еразмус програмата не беа влезени во Буџетот. Таа додаде дека училиштето беше информирано за овие средства но немаше добиено договори за средствата. Сега договорите се веќе добиени и затоа училиштето бара овие средства да влезат во Буџетот. Таа појасни дека парите добиени од оваа програма се наменски и се однесуваат на обуки за наставниците и учениците.

По излагањето на Анета Соклевска претседателот ја стави точката на гласање и беше усвоена со **9 гласа ЗА.**

Точка 3 Разгледување и донесување на Буџет на Општина Новаци за 2026 год.;

Советниците ги разгледаа доставените материјали по однос на оваа точка. Претседателот на советот појасни дека Раководителката Оливера Димитровска и Градоначалникот Стевче Стевановски од оправдани причини не беа во можност да присуствуваат на седниците. Тој исто кажа дека дел од предлозите на советниците се влезени во Буџетот за 2026година.

Советничката Македонка Соклевска побара писмено да и се одговори на нејзините доставени барања по однос на предложени проекти за 2026година.

Раководителката Анета Киселоска објасни дека дел од предлозите не беше во можност

да влезат во планираниот Буџет за 2026 година заради финансиската рамка дадена од Министерството за финансии, до која мора да се држиме и дека доколку во иднина има можност ќе се направи ребаланс на Буџетот и во тој случај би се вметнале тие проекти.

Претседателот Илче Трајковски предложи сите предлози на советниците кои би сакале да влезат во Буџетот за 2026 година, се запишат на еден список и меѓусебно да се договорат кои ќе бидат приоритетни проекти. Потоа во иднина кога ми имало можност и средства во Буџетот, со ребаланс и во договор со Градоначалникот да се реализираат тие проекти. Претседателот ја стави точката за предлог Буџет на гласање.

Советниците ја усвоија точката со **7 гласа ЗА и 2 гласа ВОЗДРЖАН.**

Точка 4 Разгледување и донесување на Одлука за извршување на Буџетот на Општина Новаци за 2026год.;

Раководителката Анета Киселоска кажа дека Одлуката за извршување на Буџетот се носи заедно со Буџетот и дека Буџетот за 2026 година се извшува според одредбите на оваа одлука.

Претседателот точката за донесување одлука за извршување на Буџетот на Општина Новаци за 2026 година ја стави на гласање.

Точката беше усвоена со **7 гласа ЗА и 2 гласа ВОЗДРЖАН.**

Точка 5 Разгледување и донесување на Буџетски календар за 2026год.;

Раководителката Анета Киселоска објасни што претставува буџетскиот календар. Таа кажа дека буџетскиот календар се однесува на временската рамка и одговорностите на Одделениото за финансиските прашања во планирање и подготовка на Буџетот.

Претседателот ја стави точката на гласање и беше усвоена со **9 гласа ЗА.**

Точка 6 Разгледување и донесување на Програма и акциски план за социјална заштита на граѓаните на Општина Новаци за 2026год;

Раководителката Анета Киселоска појасни дека оваа програма исто како и останатите програми се носат секоја година и дека оваа програма се однесува на социјалната заштита на граѓаните на општината.

Претседателот точката ја ставина гласање и беше усвоена со **9 гласа ЗА.**

Точка 7 Разгледување и донесување на Програма за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на Општина Новаци за 2026 год.;

Раководителката Анета Киселоска објасни дека предмет на оваа програма е располагањето, управувањето и менаџирањето со градежното земјиште сопственост на Република Северна Македонија на територијата на Општина Новаци.

Точката беше ставена на гласање и беше усвоена со **7 гласа ЗА и 2 гласа ВОЗДРЖАН.**

Точка 8 Разгледување и донесување на Програма за изработка на урбанистички планови на територијата на Општина Новаци за 2026год.;

Советниците ја разгледаа предлог програмата за изработка на урбанистички планови на територијата на Општина Новаци за 2026 година и бидејќи немаше прашања по однос на оваа точка Претседателот ја стави точката на гласање.

Точката беше усвоена со **9 гласа ЗА.**

Точка 9 Разгледување и донесување на Прогама за образование на Општина Новаци за 2026;

Советниците ја разгледаа предлог програмата за образование. И по однос на оваа точка немаше коментари.

Точката беше ставена на гласање и беше усвоена со **9 гласа ЗА.**

Точка 10 Разгледување и одобрување на акционен план и програма за спроведување на општите мерки за заштита на населението од заразни болести за подрачјето на територијата на Општина Новаци за 2026год. **;**

Материјалите по однос на оваа точка беа разгледани од страна на советниците и бидејќи немаше прашања, претседателот ја стави точката на гласање.

Точката беше усвоена со **9 гласа ЗА.**

Точка 11 Разгледување и донесување Одлука за одобрување финансиски средства за одбележување на новата 2026 година и празникот Богојавление Водици;

Раководителката Анета објасни дека оваа одлука ја носи Советот секоја година и дека се однесува на одобрување средства за набавка на новогодишните пакетчиња кои се доделуваат на децата на вработените во општината, децата од училиштето, децата од градинката, социјално загрозени семејства и т.н. Исто така со средствата одобрени со оваа одлука се набавува рекламен материјал, украсувањето на општинскиот двор и слично како и средства за лицата кои ќе го фатат крстот по повод празникот Богојавление (Водици).

Претседателот точката ја стави на гласање и беше усвоена **со 9 гласа ЗА.**

Точка 12 Разгледување и усвојување на Годишна програма за превоз на ученици и финансиска анализа на општински и меѓуопштински превоз на територијата на Општина Битола, Општина Новаци и Општина Могила – 2026 година;

По однос на оваа точка се изјасни Јагода Неделкова-Директор на МЈП „Пелалинк“. Таа објасни дека Годишната програма за превоз на ученици и финансиската анализа на МЈП „Пелалинк“ – Битола се изготвени со цел јасно и транспарентно да се прикаже начинот на кој се организира и финансира превозот на учениците во општините-основачи.

МЈП „Пелалинк“ – Битола е основано врз основа на Спогодбата за заедничко организирање на линиски превоз на патници, склучена помеѓу општините Битола, Могила и Новаци на 20.11.2018 година. При изработката на Годишната програма се земени предвид расположливиот број возила на основачите, моменталниот број на вработени возачи, како и бројот на ученици за учебната 2025 година.

Таа додаде дека направена е детална анализа на сите линии кои се возат, посебно по општини. За секоја линија е утврден остварениот приход, направениот расход, а разликата помеѓу нив претставува субвенцијата што треба да ја обезбеди општината на чие подрачје се реализира превозот. Исто така, утврдени се и режиските трошоци на претпријатието, кои се субвенционираат од страна на општините во сооднос 60% Општина Битола, 20% Општина Новаци и 20% Општина Могила.

Во моментов, основна дејност на претпријатието е превозот на ученици, особено на оние линии каде што приватните превозници не се заинтересирани да возат поради тоа што расходите се значително поголеми од приходите. Со тоа, претпријатието обезбедува континуитет и сигурност во превозот на учениците. Во иднина, со обезбедување на еколошки возила, се планира проширување на дејноста и со јавен градски превоз.

Во самата програма, на табеларен начин, јасно се прикажани приходите, расходите и потребните субвенции, со цел советниците да имаат јасен и прецизен увид во финансиската состојба и потребите на претпријатието. По објаснувањето на точката од страна на Јагода Неделкова-Директор на МЈП „Пелалинк“, претседателот истата ја стави на гласање и беше усвоена со **8 гласа ЗА и 1 ВОЗДРЖАН.**

Советникот Горан Велјановски по разгледувањето на оваа точка и донесувањето на одлука, ја напушти седницата.

Точка 13 Разгледување и донесување на Одлука за усвојување Годишна програма за работа на ЈПКД „Комунална Хигиена“ Новаци за 2026год.;

Александар Стефановски- вработен во ЈПКД „Комунална Хигиена“ Новаци ја презентираше Годишната програма по ставки. Претседателот на советот праша дали во програмата е предвидено зголемување на платите на вработените. Директорот на ЈПКД „Комунална Хигиена“ Новаци одговори потврдно, дека уште со декемвриската плата ќе има покачување на платите за вработените. По објаснувањето на програмата, претседателот ја стави точката на гласање. Советникот Иванчо Котевски се изземе од гласање бидејќи е вработен во ЈПКД „Комунална Хигиена“ Новаци.

Точката беше усвоена со **5 гласа ЗА и 2 ВОЗДРЖАН.**

Точка 14 Разгледување и донесување Одлука за усвојување на финансиски извештај за работењето на ЈПКД „Комунална Хигиена“ Новаци за период од 01.01.2025 до 31.09.2025год.;

Советниците го разгледаа финансискиот извештај на ЈПКД „Комунална Хигиена“ Новаци за период од 01.01.2025 до 31.09.2025год. Бидејќи немаше прашања претседателот ја стави точката на гласање. Советникот Иванчо Котевски се изземе од гласање бидејќи е вработен во ЈПКД „Комунална Хигиена“ Новаци.

Точката беше усвоена со **5 гласа ЗА и 2 ВОЗДРЖАН.**

Точка 15 Разгледување и донесување на Одлука за давање на согласност за утврдување на цените на услугите што ги врши ЈПКД „Комунална Хигиена“ Новаци;

Директорот на ЈПКД „Комунална Хигиена“ Новаци појасни дека во Годишната програма за работа е предвидено зголемување на приходите на претпријатието од дополнителни извори како зголемување на сметките за ѓубретарина, побарување за наплата до конзулатите од другите земји, за одржување на нивните знаменитости низ општината и сл. Претседателот ја стави точката на гласање. Советникот Иванчо Котевски се изземе од гласање бидејќи е вработен во ЈПКД „Комунална Хигиена“ Новаци.

Точката беше усвоена со **5 гласа ЗА и 2 ВОЗДРЖАН.**

Точка 16 Разгледување на барања за еднократна парична помош;

По однос на оваа точка се изјасни претседателот на Комисијата за еднократна парична помош. Тој кажа дека барањата беа разгледани на седницата на Комисијата за еднократна парична помош и беше предложено сите барања да бидат прифатени и да му се одобрат финансиски средства во износ од 20.000 денари и тоа на:

Точка 17 Советнички прашања

Бидејќи немаше советнички прашања Претседателот ја затвори седницата.

Седницата заврши во 13:00 часот.

Записничар
Александра Ангелевска

Совет на Општина Новаци
Претседател
Илче Трајковски